

**Синоќешниот настап беше трет, по изведбите во Демир Хисар и Крушево, и посветен на одбележувањето 80 години од смртта на познатиот американски композитор, Гершвин.**

Синоќа во Домот на културата „Драги Тозија“ во Ресен се одржа концерт „Џорџ Гершвин како инспирација”, на кој настапија певиците Маја Митровска и Марина Коруновска во пијано придружба на Александра Јанковска, сите професорки во Државното музичко училиште во Битола. Концертот во Ресен беше дел од Манифестацијата „Нов културен бран“ на Министерството за култура. Синоќешниот настап беше трет, по изведбите во Демир Хисар и Крушево, и посветен на одбележувањето 80 години од смртта на познатиот американски композитор, Гершвин.